Република Северна Македонија | Republika e Maqedonisë së Veriut

**Министерство за образование и наука** | **Ministria e Arsimit dhe Shkencës**

Педагошка служба | **Shërbimi pedagogjik**

Бр. 26-359/2
Датум 24-03-2026

ДО:
Рецензентската комисија за стручно вреднување на ракописи за учебници по наставниот предмет **Биологија за II (втора) година гимназиско образование** формирана со Решение бр.26-359/1 од 23.03.2026 година

ПРЕДМЕТ:Доставување на шифрирани ракописи за учебници по наставниот предмет **Биологија за II (втора) година гимназиско образование**

Почитувани,

Министерството за образование и наука -Педагошка служба објави Конкурс бр. бр.26-1173/1 на 29.10.2025 година, на својата веб-страница.

Согласно член 14 став (1) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25) од страна на директорот на Педагошката служба со Решение бр.26-199/13 од 17.02.2026 година, е формирана Комисија за шифрирање и проверка на пристигнатата документација по објавениот Конкурс.

Комисијата за шифрирање и проверка согласно член 14 став (3) од Законот, по извршената проверка и шифрирање на пристигнатата документација по објавениот Конкурс, со допис бр.32-26/1 од 19.02.2026 година заверен во писарницата на министерството со бр.26-199/21 од 19.02.2026 година, до Педагошката служба ги достави шифрираните ракописи за учебници во три примероци во затворени и запечатирани во пликоа за наставниот предмет **Биологија за II (втора) година гимназиско образование,** со напомена истите да бидат доставени до Рецензентската комисија за стручно вреднување на ракописи за учебници по наставниот предмет **Биологија за II (втора) година гимназиско образование** за понатамошно постапување.

Согласно наведеното, Ви ги доставуваме ракописот со **шифра 012.**

Покрај горенаведените шифрирани ракописи во прилог Ви го доставуваме и мислењето од Бирото за развој на образованието бр.09-736/3 од 24.03.2026 година заверено во писарницата на Министерството за образование и наука со бр.26-199/31 од 24.03.2026 година, според кое треба да постапите согласно член 14 став (6) од Законот.

Прилог:
- 1 шифриран ракопис за учебник во 3 примероци

Со почит,

ДИРЕКТОР,
м-р Роберт Аџипетров

Pranoi
30.03.2026
Sheval Memeti

31.03.2026

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА-MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Педагошка служба - Shërbimi Pedagogjik
* Скопје - Shkup *